**20260340554**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 11 став (1) од Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/25 и 192/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 февруари 2026 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА ИНОВАЦИИ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО**

Член 1

Со оваа одлука се формира Совет за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво (во натамошниот текст: Советот), во следниот состав:

- проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија - претседател;
- проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука - заменик претседател;
- Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација - заменик претседател;
- Бесар Дурмиши, министер за економија и труд - член;
- Давид Костовски, советник за надворешна трговија, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија - член;
- проф. д-р Бејтула Демири, Меѓународен балкански универзитет - член;
- проф. д-р Александра Јанеска Илиев, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Економски факултет - член и
- проф. д-р Атанас Кочов, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Машински факултет - член.

Член 2

Советот се состанува најмалку два пати годишно и ја информира Владата на Република Северна Македонија на секои шест месеци за степенот на реализација на активностите поврзани со имплементација на политиките за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво.

Член 3

Начинот на работа на Советот поблиску се уредува со Деловник за работа, кој го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

За вршење на стручно-административни работи на Советот надлежен е Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1057/3
17 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.